A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-1198/1
11.12 2024 год.
ЗРНОВЦИ

Врз основа на член 5 и 6 од Правилникот за доделување на стипендии на новозапишани студенти и редовни студенти од општина Зрновци кои студираат на Државните универзитети ,стипендии за ученици на самохрани родители,стипендии на ученици на невработени родители од основно и средно образование од општина Зрновци и наградување на ученици од Општина Зрновци за особени постигнувања во образованието,спортот и културата бр. 08-1130/1 од 26.11.2024 година , Градоначалникот на Општина Зрновци распишува:

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ УЧЕСНИЦИ ЗА

доделување на стипендии за новозапишани редовни студенти и редовни студенти од општина Зрновци кои студираат на Држаните универзитети, стипендии за ученици на самохрани родители ,стипендии на ученици на невработени родители од основно и средно образование од општината Зрновци и наградување на талентирани ученици од општина Зрновци за осбени постигнувања во образованието ,спортот и културата.

Согласно Правилникот за доделување на стипендии за новозапишани редовни студенти и редовни студенти од општина Зрновци кои студираат на Држаните универзитети во Република Северна Македонија , стипендии за ученици на самохрани родители ,стипендии на ученици на невработени родители од основно и средно образование од општината Зрновци и наградување на талентирани ученици од општина Зрновци за осбени постигнувања во образованието ,спортот и културата Градоначалникот на Општина Зрновци распишува **Јавен повик** за прибирање пријави за доделување на стипендии за новозапишани редовни студенти и редовни студенти од Општина Зрновци кои студираат на Држаните универзитети, стипендии за ученици на самохрани родители ,стипендии на ученици на невработени родители од основно и средно образование од Општината Зрновци и наградување на талентирани ученици од Општина Зрновци за осбени постигнувања во образованието ,спортот и културата од Општина Зрновци .

**Право на стипендија имаат студентите и учениците кои се:**

- Жители на општината Зрновци со населените места кои припаѓаат на општината Зрновци );
- Државјани на Република Македонија;
- Новозапишани редовни студенти и редовни студенти кои веке студираат на Државните уневерзитети во Република Северна Македонија , ученици на самохрани родители и ученици на невработени родители од основно и средно образование од општина Зрновци
- Талентирани ученици
- Наградување на ученици од општина Зрновци за осбени постигнувања во образованието ,спортот и културата
-

**За доделување на стипендија за новозапишани редовни студенти и студенти кои веке студираат на Државните универзитети во Република Северна Македонија се утврдуваат следните критериуми:**

1. Дефицитарност на кадрите што за секоја студиска година ја утврдува со посебна Одлука Градоначалникот на општина .

По овој основ може да се добијат најмногу **30** бода

2. Материјалните можности на студентот и неговото семејство за кој се земаат месечните примања по член на семејството на студентот во однос на просечно исплатената плата по вработен во РСМ за последните 3 (три )месеци.

По овој основ може да се добијат најмногу **70** бода.

**За доделување на стипендии за ученици се утврдува следниот критериум**

1.Дете на само хран родител.

2 ученици на невработени родители и ученици на родители од основно и средно образование со минимални примања од општина Зрновци

По овој основ може да се добијат најмногу **100** бода.

**Кон Пријава се приложуваат следните документи:**

1. Потврда за редовно запишан семестар за новозапишани редовни студентите а за ученикот потврда за редовен ученик
2. Изјава за семејната состојба на студентот и ученикот (**заверена кај нотар** )?
3. Уверение за приходи од земјоделска или друга дејност на студентот и ученикот и на членовите на неговото семејство;
4. Потврда за висината на платите на членовите на семејството на студентот и ученикот.
5. За членовите на семејството на студентот пензионери-испратница од пензија за последниот месец;
6. За невработените членови на семејството на студентот и ученикот Потврда од Агенцијата за вработување дека се невработени или примаат паричен надоместок;

7. За студенти кои веке студираат на Државните универзитети во Република Северна Македонија потврда за редовен студен со зашишан семестар .

8.Потврда за самохран родител на ученикот

9 . За талентирани ученици потврда од спортски клуб и невладини организации.

Заинтересираните новозапишани редовни студенти, редовните студенти од Општина Зрновци кои студираат на Државните универзитети во РСМ , ученици на самохрани родители и ученици на невработени родители од основно и средно образование Пријавите по распишаниот Јавен повик ги доставуваат до Општина Зрновци на адреса ,, Општина Зрновци ул. Илинденска бб Зрновци .

**Јавниот повик трае 10 дена**

**Рокот за поднесување на пријавите е до 23.12 .2024година**

Некомплетните пријави, пријавите кои ќе се достават после предвидениот рок и пријави кои се поднесени за ученици чии родители девијантно и недолично се однесуваат во средината , се пијанчат и се пријавувани за нарушување на јавен ред и мир нема да се разгледуваат.

Бр.09- 1158 /1
11..12. 2024 год.

ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Градоначалник
Борчо Коцев